**20260851297**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10,158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22, 16/25 и 269/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 април 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО НА НЕОРГАНСКИ ЃУБРИВА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени  во трговијата на големо на неоргански ѓубрива.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат за количините набавени пред 15 април 2026 година.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените кои се применувале во трговијата на големо до 15 април 2026 година, намалени за 10 %.

Член 2

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат се до исцрпување на истите.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3784/4
21 април 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.